Проверете го **новото издание на** **билтенот за антикорупција и добро владеење** на Мрежата за развој и интегритет на Југоисточна Европа – СЕЛДИ.



Од вестите во регионот, за периодот јуни- јули, можете да прочитате повеќе за македонскиот Извештај во сенка за имплементација на антикорупциски мерки од меѓународната конвенција УНКАК ; за првата средба на истражувачките новинари од Западен Балкан; контролата на имот на 974 високи функционери од Косово; како и за резултатите од шестиот циклус истражувања за буџетската транспарентност во Хрватска.

Освен тоа, проверете ги и неодамнешните извештаи и анализи меѓу кои за застарениот јавен сектор во Србија, извештаите на ЕУ за земјите од Западен Балкан и Турција, компаративна анализа за вклученоста на граѓанското општество во процесот на ревизија на Конвенцијата УНКАК и сл.

Билтенот е подготвен во рамки на програмата „ Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: Градење на капацитети за мониторинг застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ) ", која се спроведува од мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), чиј координатор е МЦМС.

Програмата е финансирана од Европската Унија.